# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА | О Х Р И Д<br>29.06.2007<br>БРОЈ 8 ГОДИНА 42 | |
|---|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Заклучок за прогласување на Заклучокот за престанок на мандат на член на Советот | 2 |
| 2. | Заклучок за престанок на мандат на член на Совет | 2 |
| 3. | Заклучок за прогласување на Заклучокот за верификација на мандат на член на Советот | 2 |
| 4. | Заклучок за верификација на мандат на член на Совет | 3 |
| 5. | Заклучок за прогласување на Статутот на општина Охрид | 3 |
| 6. | Статут на општина Охрид | 3 |
| 7. | Заклучок за прогласување на Заклучокот | 21 |
| 8. | Заклучок | 21 |
| 9. | Заклучок за прогласување на Одлуката за продажба на електроенергетски мрежи и ТС 10/04 КВ | 22 |
| 10. | Одлука за продажба на електроенергетски мрежи и ТС 10/04 КВ | 22 |
| 11. | Заклучок за прогласување на Одлуката за пренамена на средства во Буџетот на општина Охрид за 2007 година | 27 |
| 12. | Одлука за пренамена на средства во Буџетот на општина Охрид за 2007 година | 27 |
| 13. | Заклучок за прогласување на заклучокот | 28 |
| 14. | Заклучок | 28 |
| 15. | Заклучок за прогласување на Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид | 28 |
| 16. | Одлука за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид | 29 |
| 17. | Заклучок за прогласување на Заклучокот | 31 |
| 18. | Заклучок за отпочнување постапка за набавка на возила | 32 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот за престанок на мандат на член на Советот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година.

**Број 08-1263/3**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 8 точка 3 алинеа 1 од Изборниот законик („Сл.весник на РМ“ бр.40/06), член 46 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/06), член 67 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

На Хавза Реџеп Каќел ѝ престанува мандатот член на Советот на општина Охрид поради неспоивост со функцијата советник и вработен во државната управа за извршување стручни и управни работи.

Мандатот член на Совет ѝ престанува од 01.06.2007 година.

**Број 07-1263/3**
**25.06.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот за верификација на мандат на член на Советот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година.

**Број 08-1263/4**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/06), член 83 од Статутот на општина Охрид и член 12 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

1. Се верификува мандатот на членот на Советот на општина Охрид **НАТАША КОСТОСКА**.
2. Мандатот на именованата ќе трае до завршувањето на мандатот на Советот.

**Број 07-1263/4**
**25.06.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Статутот на општина Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година.

**Број 08-1263/5**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на членовите 7 и 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), Советот на Општината Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година, донесе:

## С Т А Т У Т
## НА ОПШТИНА ОХРИД

### I. Општи одредби

**Член 1**

Општина Охрид ( во натамошниот текст: Општина) е единица на локалната самоуправа во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку преставници во органите на Општината.

**Член 2**

Општината е основана и нејзиното подрачје е утврдено со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

**Член 3**

Со овој Статут, во согласност со законот, се уредуваат:
- надлежностите на Општината;
- организацијата и работата на органите на Општината;
- организацијата и работењето на комисиите на Советот на Општината;
- вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност;

- начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Општината;
- начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив;
- начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните;
- начинот на објавувањето на прописите на Советот;
- начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба;
- месната самоуправа;
- начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на Општината;
- како и други прашања од значење за Општината.

**Член 4**

Прашањата поврзани со начинот на остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на општината (во натамошниот текст: Совет), поблиску се уредуваат со Деловник на Советот (во натамошниот текст: Деловник).

Деловникот го донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 5**

Седиштето на Општината Охрид е во градот Охрид, на ул.„Димитар Влахов“ бр.57.

**Член 6**

Општината е правно лице.

**Член 7**

Општината Охрид има свој имот со кој располага и стопанисува во јавен интерес.

**Член 8**

Општината има грб во форма на отворен круг и којшто во внатрешниот дел завршува со отворен квадрат.

Во квадратот има штит во кој се содржани: името Охрид, Самуиловата тврдина, Охридското езеро и едрилица.

Грбот на Охрид има златна боја, а основата има темно сина боја.

**Член 9**

Општината има знаме во темносина боја. Во горната половина на знамето е грбот на Општината со златна боја.

Односот на широчината и должината на знамето е еден спрема два.

Пречникот на грбот е една половина од широчината на знамето.

**Член 10**

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 см. Во средината се наоѓа грбот на Општината, а по работ кружно е испишано: Република Македонија - Општина Охрид.

**Член 11**

Општината има свои празници.

Празници на Општината се: Св. Климент Охридски – Патронот на Охрид кој се одбележува на 8-ми декември и Денот на ослободувањето на Охрид од фашистичката окупација кој се одбележува на 7 – ми Ноември.

**Член 12**

Во Општината во службена употреба е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

**Член 13**

Општината востановува општински признанија и награди.

Наградите и признанијата се доделуваат на домашни и странски физички и правни лица и асоцијации, за посебен придонес во развојот и афирмацијата на општината.

Поединостите се уредуваат со Правилник што го донесува Советот.

**Член 14**

Општината може да членува во ЗЕЛС, соработува со општините во Републиката, со единици на локална самоуправа од други земји и може да членува во меѓународни организации на локална власт.

Општината може да здружува средства и да формира заеднички јавни служби и административни единици со други општини, врз основа на закон.

## II. Надлежности на Општината

**Член 15**

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење објекти од локално значење утврдени со Законот, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;

2. Заштита на животната средина и природата – мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;

3. Локален економски развој – планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење економска локална политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции, агенции и промовирање на наследство;

4. Комунални дејности – снабдување со вода за пиење; испорака на технолошката вода; одведување и прочистување на отпадните води; јавно осветлување; одведување и третман на атмосферските води; одржување на јавната чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници; снабдување со природен гас и топлинска енергија; одржување на гробовите, гробиштата, крематориумите и давање погребални услуги; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на јавниот простор за паркирање; отстранување на непрописно паркирани возила; отстранување на хаварисани возила од јавните површини; изградба и одржување на пазарите; чистење на оџаците; одржување и користење на парковите и зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

5. Култура – институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и сл. Културни вредности; организирање културни манифестации; поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;

6. Спорт и рекреација – развој на масовниот спорт и рекреативните активности; организирање спортски приредби и манифестации; одржување и изградба на објекти за сорт; поддршка на спортските сојузи;

7. Социјална заштита и заштита на децата – детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување социјална грижа за инвалидните лица; деца без родители и родителска грижа; деца со воспитно – социјални проблеми; деца со посебни потреби; деца од едно – родителски семејства; деца на улица; лица изложени на социјален ризик; лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со сицијален ризик; остварување право и воспитување на децата од предучилишна возраст;

Вршењето на овие надлежности е во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;

8. Образование – основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со законот; организирање превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

9. Здравствена заштита – управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравствено воспитување, унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со социјални потреби (на ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;

10. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;

11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;

12. Надзор над вршење на работите од нејзината надлежност и

13. Други работи определени со закон.

Надлежностите од став 1 на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон.

Со закон се утврдуваат работите од надлежност на Општината кои таа задолжително ги врши.

## III. Организација и работење на органите на Општината

**Член 16**

Органи на Општината се: Советот и Градоначалникот.

### 1. Совет

**Член 17**

Советот на општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на општината го сочинуваат 23 претставници на граѓани избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Членовите на Советот се избираат за време од четири години во согласност со закон.

Членовите на Советот ги претставуваат граѓаните и во Советот одлучуваат по свое уверување.

Член на Советот не може да биде отповикан.

**Член 18**

Советот:

1. Го донесува Статутот на општината и други прописи;

2. Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;

3. Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината во рамките утврдени со закон;

4. Основа јавни служби во рамките на надлежноста на општината и врши надзор над нивната работа;

5. Именува членови на управните одбори и јавните служби кои ги основа;

6. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основала општината;

7. Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;

8. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;

9. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби кои ги основала општината;

10. Одлучува за начинот на располагање на сопственоста на општината;

11. Одлучува за начинот на вршење на финансиската контрола на буџетот на општината во согласност со закон;

12. Го избира лицето кое раководи со одрачната единица на Министерството за внатрешни работи на општината, во согласност со закон;

13. Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината кој го доставува до Министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител;

14. Дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот и

15. Врши други работи утврдени со закон.

Доколку Советот не ги усвои извештаите од ставот 1 точките 7 и 9 на овој член, може да поведе постапка за вршење контрола над материјалното и финансиското работење на надлежниот орган за надзор;

Раководното лице од ставот 1 точка 12 на овој член е избрано, ако за него гласало мнозинството од сите совети на општините кои ги опфаќа подрачната единица на Министерството за внатрешни работи.

**а) Конституирање**

**Член 19**

Конституирањето на Советот се врши со верификација на мандатот на членовите на Советот избрани на начин утврден со закон и со давање и потпишување на свечаната изјава со содржина утврдена со закон.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши на првата конститутивна седница на Советот, по предлог на Комисија за прашања на верификација, избори и именувања што се формира на почетокот на седницата од редот на новоизбраните членови на Советот.

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот кои не биле присутни на првата седница на Советот, ја врши Советот на првата седница на која што тие ќе присуствуваат.

**Член 20**

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот.

**б) Права и должности на членовите на Советот**

**Член 21**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут.

Членот на Советот се стекнува со своите права и должности по верификацијата на мандатот.

**Член 22**

Членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања што се од значење за граѓаните на општината, донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот и амандмани на педложените прописи;
- да бара и да добие од администрацијата на општината (во натамошниот текст: администрација) и од јавните служби основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а кои му се потребни за неговата работа во Советот;
- да поставува прашања и да добие одговор од Градоначалникот за прашања од негова надлежност;
- да бара и да добие стручна помош во изработувањето на предлози, давање иницијативи, поставување на прашања, на работи што му ги поставил Советот или негово тело и сл.;
- да ги чува во тајност податоците кои се класифицирани како такви, што ги дознал при вршењето на својата работа;
- да остварува и други права и должности утврдени со прописи, во согласност со закон.

**Член 23**

Членот на Советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мидслење или за гласање во Советот.

**Член 24**

Членот на Советот има право да присуствува и учествува во работата на седница на комисија на Советот, иако не е член на комисијата, но без право на одлучување.

**Член 25**

Членот на Советот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, должен е за тоа благовремено да го извести претседателот на Советот и претседателот на комисијата.

Членот на Советот кој од оправдани причини подолго време е спречен да присуствува на седници на Советот и на комисија чиј член е, има право да побара од Советот одобрение за отсуствување од седниците.

По барањето од ставот 2 на овој член, Советот одлучува без претрес.

## в) Претседател на Советот

**Член 26**

Претседателот на Советот ги свикува и раководи со седниците на Советот, се грижи за организацијата и работата на Советот, ги потпишува прописите што ги донел Советот и во рок од 3 дена од денот на нивното донесување ги доставува до Градоначалникот заради нивно објавување.

**Член 27**

Претседателот на Советот го избира Советот со јавно гласање, со мнозинство гласови од вкупниот број членовите на Советот.

Предлог за претседател на Советот може да даде секој член на Советот.

Изборот на претседател на Советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот одлучи Советот со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот.

До изборот на претседател, Советот го свикува и со него раководи најстариот член на Советот.

## г) Начин на работа

**Член 28**

Советот работи на редовни седници, по програма што ја донесува пред почетокот на календарската година.

По потреба, Советот може да одржува и вонредни и свечени седници.

Седниците на Советот се јавни.

**Член 29**

Денот, часот и местото на одржување на редовна седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на Општината и во локалните средства за јавно информирање, најмалку 7 дена пред одржувањето на седницата.

**Член 30**

Советот одржува свечени седници за одбележување на значајни историски настани, а може да одржува свечени седници и за ислушување на говори на наши и странски државници, претставници на меѓународни организации и истакнати граѓани на странски држави како гости на Општината.

**Член 31**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните и во случаи на вонредни околности.

Вонредна седница на Советот свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива или на барање од најмалку 1/3 од членовите на Советот или на предлог на градоначалникот.

Поканата за вонредна седница заедно со предлогот на дневен ред на членовите на Советот им се доставува на најбрз можен начин.

Пред отпочнувањето со работа на седницата, членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување вонредна седница, без претрес и со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 32**

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Советот, на седницата претседава најстариот член на Советот.

**Член 33**

Советот може да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, гласањето по определени прашања да биде тајно.

**2. Градоначалник**

**а. Права и должности на градоначалникот:**

**Член 34**

Градоначалникот ги има следните права и должности:

1. Ја контролира законитоста на прописите на Советот;
2. Ги објавува прописите на Советот во службено гласило на Општината;
3. Го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот;
4. Го обезбедува извршувањето на работите кои со закон й се делегирани на Општината;
5. Иницира и предлага донесување прописи од надлежност на Советот;
6. Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на Општината;
7. Го извршува буџетот на Општината;
8. Избира директори на јавните служби кои ги основала Општината врз основа на јавен конкурс;
9. Редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со Статутот;
10. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица во согласност со закон;
11. Донесува Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
12. Раководи со општинската администрација;
13. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;
14. Обезбедува правилно и законско користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината во согласност со законот и со Статутот и
15. Врши и други работи утврдени со законот и Статутот.

Градоначалникот може да овласти раководен службеник на Општината да ја води постапката и решава во управни работи како и да отпишува акти.

**Член 35**

Градоначалникот присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот и посебните тела на Општината, без право на одлучување.

Градоначалникот може да определи и свои претставници кои ќе присуствуваат и учествуваат во работата на седниците на Советот, неговите комисии и посебните тела на Општината.

**Член 36**

Градоначалникот по сопствена иницијатива и по барање на Советот, го известува Советот за извршување одделни работи од негова надлежност, најмалку еднаш годишно.

На барање на 1/3 од членовите на Советот, Градоначалникот го известува Советот за прашања од негова надлежност во рок од 15 дена од поднесувањето на барањето.

**Член 37**

Градоначалникот обезбедува правилно и законско користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината.

Градоначалникот управува со сопственоста на Општината во јавен интерес и како добар домаќин.

Градоначалникот е должен, во управувањето со сопственоста на Општината, да презема мерки и да го обезбедува користењето, одржувањето и заштитата на сопственоста на Општината во согласност со закон.

**Член 38**

Градоначалникот соработува со градоначалниците на другите општини по прашања од заеднички интерес од надлежност на општините.

**Член 39**

Градоначалникот со решение определува член на Советот кој ќе го заменува за време на спреченост или отсуство.

Решението од став 1 на овој член, Градоначалникот го донесува во рок од 30 дена од денот на преземањето на функцијата.

Решението од став 1 на овој член се објавува во „Службен гласник на Општината Охрид".

За настапувањето на спреченоста или отсуството, градоначалникот го известува претседателот на Советот и членот на Советот кој ќе го заменува.

**IV. Организација и работење на комисиите и посебните тела**

**1. Комисии на Советот**

**Член 40**

За претресување прашања од својата надлежност, Советот формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и привремени.

Мандатот на постојните комисии трае колку и мандатот на Советот.

**Член 41**

Комисиите на Советот на општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;
- даваат мислења и предлози до Советот;
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

По правило, пред изнесување на прашања пред Советот, надлежна комисија расправа за прашањето, зазема став и за тоа го известува Советот.

**Член 42**

Постојани комисии на Советот се:

- Статутарно - правна комисија;
- Комисија за верификација, избори и именувања;
- Комисија за финансии и буџет;
- Комисија за комунални дејности;
- Комисија за урбанизам;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за туризам и локален економски развој;
- Комисија за заштита на животната средина;
- Комисија за месна самоуправа;

- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија;
- Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените;

**Член 43**

Статутарно – правната комисија го утврдува предлогот на Статутот на Општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измени на Статутот, ја следи примената на Статутот и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер.

Статутарно – правната комисија го утврдува предлогот на Деловникот на Советот.

Статутарно – правната комисија подготвува мислења по предлог – законите кои се однесуваат на Општината.

Статутарно – правната комисија ги разгледува и другите општи акти од надлержност на општината.

**Член 44**

Комисијата за верификација, избори и именувања, ги разгледува мандатно – имунитетните прашања и разгледува и подготвува предлози за избор, изменување и разрешување во надлежност на Општината.

**Член 45**

Комисијата за финансии и буџет ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на Општината, буџетот и завршната сметка на буџетот на Општината.

**Член 46**

Комисијата за јавни и комунални дејности ги разгледува прашањата од работата на јавните служби (јавните установи и јавните претпријатија) на Општината.

**Член 47**

Комисијата за урбанизам ги разгледува Генералниот и деталните урбанистички планови и друга урбанистичка документација.

**Член 48**

Комисијата за општествени дејности разгледува прашања од развојот на мрежата на установи од областа на културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното образование, основното и средното образование, здравствената заштита, прашања на соработка со други единици на локална самоуправа, со други органи и организации.

**Член 49**

Комисијата за туризам и локален економски равој ги разгледува прашањата на развој на туристичката дејност и локалната економска политика.

**Член 50**

Комисијата за месна самоуправа го разгледува функционирањето на облиците на месна самоуправа и нивните органи, програмите за работа и други прашања поврзани со работата на облиците на месната самоуправа.

**Член 51**

Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделување на награди и признанија, разгледува и предлага планови, програми и одлуки во врска со одбележувањето на празници и манифестации, доделување на нагрдаи и признанија, изградба и чување на спомен – обележја и споменици, именување на улици, пложтади и сл.

**Член 52**

Комисијата за заштита на животната средина ги разгледува пражањата за заштита и унапредување на животната средина.

**Член 53**

Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените ги разгледува прашањата од родовата рамноправност со цел да развие и воспостави политика за родова еднаквост насочена кон оспособување на жените и мажите да учествуваат под еднакво ниво во социјалната, политичката и економската сфера.

**2.Состав, избор и начин на работа на комисиите**

**Член 54**

Комисиите на Советот се состојат од претседател, негов заменик и три членови.

**Член 55**

Избор на претседател, заменик и членови на комисијата на Советот се врши на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за верификација, избори и именувања го дава предлогот од став 1 на овој член врз основа на претходно доставени предлози на политички партии застапени во Советот, при што води сметка за примена на принципот за нивна пропорционална застапеност во комисиите, имајќи го во предвид вкупниот број на членови на комисиите на Советот.

**Член 56**

Предлог за разрешување на претседател, заменик и членови на комисијата може да даде Комисијата за верификација, избори и именувања, најмалку 3 членови на Советот и претседателот на Советот.

По предлогот за разрешување одлучува Советот, со јавно гласање, со мнозинство од присутните членови на Советот.

**Член 57**

Изборот заради промена на член на комисија, се врши на предлог на Комисијата за верификација, при што не може да се наруши принципот на пропорционална застапеност на партиите во комисиите.

**Член 58**

Комисијата работи на седници.

Дневниот ред на седницата на комисијата се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 59**

Комисијата може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од присутните.

**Член 60**

Ако одлучи да му поднесе извештај или предлог на Советот, комисијата определува свој известител, кој по налог на комисијата, по сопствена иницијатива или барање на Советот, на седницата на Советот ќе го образложи ставот или предлогот на комисијата.

**Член 61**

На седницата на комисијата задожително присуствува претставник на предлагачот на материјалот што се разгледува.

Претставникот на предлагачот има право на седницата на комисијата да учествува во разгледувањето на предлогот што го поднел.

**Член 62**

Комисијата има право од предлагачот да бара известување, појаснување, како и други податоци што се потребни за работа, а со кои предлагачот располага или е должен да ги собира и евидентира.

**Член 63**

На седниците на комисијата може да присуствуваат и учествуваат претставници на органи, организации, заедници и здруженија, како и научни стручни и јавни работници, заради изнесување на нивни мислења по прашања што се разгледуваат на седницата на комисијата.

Поканата до лицата од ставот 1, ја доставува претседателот по претходна консултација со членовите на комисијата.

**3. Посебни тела на Општината**

**а) Совет за заштита на корисниците на јавни услуги**

**Член 64**

Во Општината се формира Совет за заштита на корисниците на јавни услуги.

Советот за заштита на корисниците на јавни услуги е составен од седум членови, претставници на поголемите групи и претставници на корисниците на јавни услуги во општината.

Членовите на Советот за заштита на корисниците на јавни услуги не можат да се избираат од редот на членовите на Советот на општината.

**Член 65**

Одлука за формирање на Советот за заштита на корисниците на јавни услуги донесува Советот на општината, на предлог на Комисијата за верификација, избори и именувања.

Комисијата за верификација, избори и именувања го составува предлогот од став 1 на овој член по претходно добиени предлози на облиците на месна самоуправа во Општината.

**Член 66**

Советот за заштита на корисниците на јавни услуги од редот на своите членови избира претседател, со мнозинство гласови од вкупниот број членови, со јавно гласање.

**Член 67**

Советот за заштита на корисниците на јавни услуги работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот.

Советот за заштита на корисниците на јавни услуги може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови на Советот за заштита на корисниците на јавни услуги.

Советот за заштита на корисниците на јавни услуги одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

На седниците на Советот за заштита на корисниците на јавни услуги можат да учествуваат во работата, Градоначалникот и Претседателот на Советот на општината, без право на одлучување.

**Член 68**

Советот за заштита на корисниците на јавни услуги разгледува прашања и утврдува предлози коишто се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби на Општината, а особено:

- ја следи состојбата на давањето услуги од јавните служби;
- се грижи за решавање на проблемите што граѓаните ги имаат при користење на услугите од претпријатијата и установите што вршат јавни услуги;
- се грижи за унапредување на односот на вработените кај давателите на услуги кон корисниците на услугите;
- организира јавни трибини и други форми на учество на граѓаните на кои ќе се расправа за унапредување на заштитата на потрошувачите.

**б) Општински урбанистички совет**

**Член 69**

Како партиципативно тело од областа на урбанизмот, заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија, Советот на предлог на Комисијата за верификација, избори и именување, формира Општински урбанистички совет.

Општинскиот урбанистички совет се состои од 9 членови.

**Член 70**

Урбанистичкиот совет се формира од:
- еден член од Комисијата за урбанизам;
- еден претставник од Одделението за урбанизам и заштита на животната средина;
- тројца истакнати урбанистички работници од општината;
- тројца претставници на институции и здруженија на граѓани и
- еден претставник на месната самоуправа.

**Член 71**

Урбанистичкиот совет од редот на своите членови избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, со јавно гласање.

**Член 72**

Урбанистичкиот совет работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот.

Урбанистичкиот совет може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Урбанистичкиот совет одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

На седниците можат да учествуваат во работата, градоначалникот и претседателот на Советот, без право на одлучување.

**V. Вршење на работи според начелото на супсидијарност**

**Член 73**

Општината, во рамките на законот, во согласност со начелото супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од заначење за општината, што не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од став 1 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредиваат со посебни одлуки на Советот.

**Член 74**

Во согласност со начелото на супсидијарност, Општината ги подржува и го помага вршењето на работи од општ интерес, кои не се во нејзина исклучителна надлежност од страна на облиците на месната самоуправа, здруженија на граѓани и други асоцијации.

**VI. Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер**

**1. Информирање на граѓаните**

**Член 75**

Органите на Општината, комисиите на Советот на општината и јавните претпријатија и установи основани од Општината ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во Општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:
- прописите кои ги донесува Советот на општината;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежност на Општината;

- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а се од значење за развојот на општината;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;
- приходите кои се остваруваат во Општината и начинот на нивна распределба и трошење;
- јавните набавки;
- именувањето на директори и претставници во управните одбори во јавните служби и
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на Општината и јавните служби во согласност со закон.

**Член 76**

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:
- издавање на Службен гласник на општината;
- издавање и диструбуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината;
- огласни табли;
- веб - страници;
- јавни трибини;
- средства за јавно информирање и
- друг начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**Член 77**

Информирање на граѓаните на општината се врши на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**2.Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 78**

Во Општината се обезбедува слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на Општината (Советот и градоначалникот), јавните служби основани од Општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од Општината (во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 79**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен каратер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на Општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните служби основани од Општината ја утврдува управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 80**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на Општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на пристап до информациите од јавен карактер со кои располага Советот на Општината и администрацијата.

Директорот на јавната служба основана од Општината создава услови, презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно статутот на јавната служба.

**Член 81**

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст; барател на информацијата).

Слободниот пристап на информацијата се остварува во законски утврдениот рок:

- со увид во документите со кои расплага имателот на информацијата;

- со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 82**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија од електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 83**

Барателот на информацијата има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не ја достави бараната информација.

**Член 84**

Советот на општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информациите во минатата година.

Годишниот извештај за остварување на слободен пристап се разгледува од Советот, најдоцна до 31 Јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат јавните служби кои ги основала Општината.

Извештајот од став 1, по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**VII. Исклучување на јавноста од седниците на Советот**

**Член 85**

Советот може да работи без присуство на јавноста само во случаи определени со закон и овој Статут, како и кога тоа ќе го предложат градоначалникот, претседателот на Советот или најмалку 3 членови на Советот.

Исклучувањето на јавноста може да се бара, кога прашањето за кое се расправа има допирни точки со јавниот морал, кога може да ги загрози интересите на определена личност или има допирни точки со одбраната и сигурноста на граѓаните.

По предлогот од став 1 на овој член, Советот одлучува без претрес, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**VIII. Претставки и предлози**

**Член 86**

Физичките и правните лица имаат право да поднесуваат претставки и предлози кои се однесуваат на работата на органите на Општината и администрацијата.

**Член 87**

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

За претставките и предлозите не се наплаќа такса.

**Член 88**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесувањето претставка или предлог, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 89**

Градоначалникот, во зависност од содржината на претставката или предлогот, овластува еден или повеќе службеници да постапат по претставката, односно предлогот.

Постапувањето по претставката, односно предлогот опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на основноста на претставката или за оправданоста на предлогот, како и преземање потребни мерки за отстранување на евентуална повреда на правото на подносителот или повреда на јавен интерес.

**Член 90**

Градоначалникот е должен во што е можно пократок рок, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, на подносителот да му достави одговор.

**IX. Јавни трибини, анкети и предлози од граѓаните**

**Член 91**

Органите на управата заради утврдување на политика во одредена област, преземање мерки за разрешување на прашања и проблеми од значење за граѓаните од подрачјето на општината, како и при предлагање на одредени акти од своја надлежност може да организираат јавна трибина, да спроведат анкета или да прибираат предлози од граѓаните.

Видот, постапката, начинот и времето на организирање на формите на непосредно учество на граѓаните од став 1 на овој член се уредува со акт на органот што ја организира.

За организирање на јавна трибина, спроведувањето на анкета и прибирање предлози од граѓаните се објавува соопштение во средствата за јавно информирање, во кое се назначува видот, целта, предметот и други податоци важни за организирање на соодветна форма на непосредно учество на граѓаните и се повикуваат заинтересираните за учество во истите.

Организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирање предлози од граѓаните, може да се врши во соработка со други општини и со облиците на месна самоуправа.

За јавната трибина, анкетата или предлозите на граѓаните се изготвува извештај.

**Член 92**

При организирање јавна трибина, спроведување анкета и прибирање предлози од граѓаните ќе се обезбеди:

- текст на документот или нацрт на одлуката или друг општ акт објавен на погоден начин за да им биде достапен на граѓаните и на други заинтересирани субјекти;
- собирање и разгледување на мислењата и предлозите што биле изнесени и
- изготвување на извештај.

**Член 93**

Начинот и постапката на организирањето јавна трибина, спроведувањето анкета и прибирањето предлози од граѓаните се уредува со Деловникот.

**X. Извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба**

**Член 94**

Во воена состојба органите на Општината:

- продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и

- преземаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

Општината се подготвува за извршување на обврските од став 1 на овој член преку:

- планирање и организирање на мерките за заштита и спасување за свои потреби;

- формирање единици и штабови за цивилна заштита, во согласност со закон и други прописи засновани на закон;

- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;

- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците и информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и прописи засновани на закон;

- координација и соработка со други општини.

**XI. Начин на објавување на прописите на Советот**

**Член 95**

Прописите на Советот, пред да влезат во сила се објавуваат во службено гласило на Општината.

Службеното гласило на Општината е „Службен гласник на општина Охрид“.

Во службеното гласило може да се објавуваат и прописи на други општини.

**Член 96**

Прописите на Советот влегуваат во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“, а по исклучок што го утврдува Советот, најрано по денот на објавувањето.

Прописите на Советот можат да влезат во сила и во покус рок од осум дена ако:

- причините поради кои се предлага донесувањето на прописот и целите што се сака да се постигнат со негово донесување се од итен и неодложен карактер;

- не создаваат материјални обврски за граѓаните и правните лица;

- прашањата што се регулираат се од сферата на одбраната, заштитата, спасувањето и сл.;

- тоа го налагаат начелата на целисходност, рационалност, ефикасност, економичност, оперативност и сл.

**XII. Месна самоуправа**

**Член 97**

Граѓаните во опшината одлучуваат за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно овој Статут.

**Член 98**

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат:

- во градот - урбани заедници;

- во населените места (селата) - месни заедници.

**Член 99**

Подрачјето за кое се основаат урбаните заедници се границите на урбаните единици утврдени со урбанистичкиот план на градот.

Подрачјето за кое се основаат месните заедници се границите на катастарските општини на населените места.

**Член 100**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните со право на глас, жители на подрачјето за кои има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 101**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое бара основање на обликот на месна самоуправа, образложение за потребите за основање и потпис на заинтересираните граѓани.

Иницијативата се поднесува до Градоначалникот.

**Член 102**

Одлуката за основање пблик на месна самоуправа се донесува на собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство на гласови од присутните граѓани, доколку присуствувале најмалку 10% од граѓаните со право на глас.

Собирот на граѓани од претходниот став на овој член го свикува Градоначалникот на општината во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на иницијативата.

**Член 103**

Граѓаните преку облиците на месна самоуправа, во согласност со овој Статут, правилата на облиците на месната самоуправа и одлуките за основање:

1. Избираат совет и други тела на обликот на месна самоуправа;

2. Се грижат за:

- решавање на прашања од комуналната инфраструктура за соодветното подрачје;
- одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, домови на култура, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, забавни, спортски и други манифестации и
- други работи од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на Општината за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

3. Поднесуваат иницијативи и предлози до органите на Општината за прашања што се во нивна надлежност.

**Член 104**

Работите од претходниот член се финансираат од:

- средствата што Општината ќе им ги отстапи на облиците на месна самоуправа согласно со плановите и програмите за нивниот развој;
- средствата што граѓаните непосредно ги здружуваат;
- средствата што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица;
- подароци, донации и други средства.

Користењето на средствата од ставот 1 на овој член се врши преку буџетот на Општината.

**Член 105**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот на облиците на месна самоуправа го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на собир на граѓани со јавно гласање, доколку собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот на облиците на месна самоуправа е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на члeновите на Советот на месната самоуправа трае 4 (четири) години.

**Член 106**

Одлуката за распишување избори за членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, одлука за распишување избори и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа донесува собирот на граѓани кого го свикува градоначалникот во дополнителен рок од 15 дена.

**Член 107**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот на облиците на месна самоуправа се врши на собир на граѓани, доклку присуствуваат најмалку 10% од граганите, жители на месната самоуправа, кои имаат право на глас.

За утврдени се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на собирот.

**Член 108**

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот на облиците на месна самоуправа поблиску се уредува со правилата за работа на обликот на месна самоуправа, донесени од Советот на општината.

**Член 109**

За избор на членови на Советот на обликот на месна самоуправа се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

**Член 110**

Советот на облиците на месна самоуправа од редот на своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месна самоуправа.

**Член 111**

Градоначалникот на општината, со решение може да делегира вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите, по претходна согласност од претседателот на обликот на месна самоуправа.

Средствата потребни за извршување на работите од ставот 1 на овој член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Со решение се определува органот и начинот на вршење на надзор над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

**Член 112**

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено финансиските работи на органот на месната самоуправа.

Контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности врши општинската администрација.

**Член 113**

Општината води евиденција за облиците на месна самоуправа на нејзиното подрачје.

## XIII. Изменување и дополнување на Статутот

**Член 114**

Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општината може да поднесе член на Советот, Комисијата на Советот и други субјекти.

По иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Советот.

**Член 115**

По прифаќањето на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот, Градоначалникот изготвува предлог на статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот.

**XIV. Преодни и завршни одредби**

**Член 116**

Во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој Статут, Општината ќе ги воведе во евиденција облиците на месна самоуправа, основани со Статутот на Општината.

**Член 117**

Со влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид" бр. 6/03 и 6/05).

**Член 118**

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-1263/5**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година.

**Број 08-1263/6**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Се задолжува Градоначалникот на пштина Охрид да ја извести Канцеларијата на УНЕСКО на РМ, за степенот на законската девастација на Охридското крајбрежје.

Градоначалникот да ги преземе сите соодветни мерки за реафирмација на договорот за концесија на крајбрежието, потпишан со претходмата Влада.

Со јавно соопштение да се известат медиумите, Советот на општина Охрид да се огради од незаконските активности на уништување на крајбрежието што се врши со знаење и под покровителство на Владата на РМ.

**Број 07-1263/6**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ И ТС 10/04 КВ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за продажба на електроенергетски мрежи и ТС 10/04 КВ, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година.

**Број 08-1263/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**25.06.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 и 66 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
за продажба на електроенергетски мрежи и ТС 10/04 КВ

**Член 1**

Општината Охрид да изврши продажба на електроенергетски мрежи и ТС 10/04 КВ во вкупна вредност од **84.197.439,00 денари** и тоа:

| **1998** | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | Туристичка – Кичеец Т. | 05-926/2 22.12.98г. | | 112.100,00 |
| 2. | НН мрежа | Д.Војвода – Калиќи Џ. А. | 05-1367/1 20.11.98г. | | 62.100,00 |
| 3. | НН мрежа | Д.Војвода – Абдураман О. | 05-1083/1 30.12.99г. | | 97.950,00 |
| 4. | НН мрежа | Туристичка - Николоски | 05-1368/1 20.11.98г. | | 52.320,00 |
| 5. | НН мрежа | С.Подмоље – Наумоски К. | 05-1052/2 22.12.98г. | | 75.100,00 |
| 6. | НН мрежа | Охридска бригада | 05-379/1 20.04.00г. | | 98.400,00 |
| 7. | НН мрежа | Кеј М.тито - Аголи | 05-1457/1 22.12.98г. | | 18.280,00 |
| 8. | НН мрежа | Р.Новичиќ - Стефаноски | 05-093/1 08.02.99г. | | 57.900,00 |
| 9. | НН мрежа | Кленоец - МЗ | 05-1329/1 24.11.98г. | | 56.100,00 |
| 10. | НН мрежа | В.Стефоски - Јолакоски | 05-415/2 22.09.04г. | | 217.592,00 |

**Вкупно: 1.147.842,00**

| **1998** | ТС 10/04 - приклучување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | ТС 10/04 КВ | Партизанска - Макпетрол | 05-897/2 25.11.99г. | | 2.187.630,00 |

**Вкупно: 2.187.630,00**

| **1999** | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | Гоце Делчев – Бајрами М. | 05-194/2 30.12.99г. | | 73.970,00 |
| 2. | НН мрежа | Тетовска – Којчиноски Љ. | 6/10/АА 05.02.99г. | | 53.670,00 |
| 3. | НН мрежа | Ј.Сандански - Стрезоски | 03-1252/3 13.12.00г. | | 197.897,00 |
| 4. | НН мрежа | Ј.Сандански - Георгиески | 05-354/1 29.01.01г. | | 236.465,00 |

**Вкупно: 562.002,00**

| **2000** | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | Богомилска - Маркоска | 05-697/2 29.06.00г. | | 69.996,00 |
| 2. | НН мрежа | Кеј М.Тито – Орачева Р. | 05-116/1 13.02.01г. | | 127.681,00 |
| 3. | НН мрежа | АСНОМ - Гранит | 05-596/1 12.06.00г. | | 855.200,00 |
| 4. | НН мрежа | С.Планина - Матлиоски | 05-1244 06.12.00г. | | 830.441,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | НН мрежа | Д.Груев – Мелахат Али | 05-087/1 28.08.02г. | | 34.724,00 |
| 6. | НН мрежа | С.Подмоље - Николски | 05-327/1 23.03.01г. | | 152.510,00 |
| 7. | НН мрежа | Д.Груев – Кула инж. | 18/10 23.03.01г. | | 108.438,00 |
| 8. | НН мрежа | Д.Груев – Каневчева | 05-161/1 03.10.02г. | | 108.754,00 |

**Вкупно: 2.287.744,00**

| **2000** | | ТС 10/04 - приклучување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | ТС 10/04 КВ | Бул.Туристичка - Димова | 05-1122/1 24.12.00г. | | 2.987.031,00 |

**Вкупно: 2.987.031,00**

| **2001** | | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | С.Пештани – Кикески Т. | 19-1302/2 16.12.05г. | | 346.212,00 |
| 2. | НН мрежа | Ј.Сандански - Бандев | 05-086/1 28.08.02г. | | 47.897,50 |
| 3. | НН мрежа | М.Јорданоски - Котески | 05-718/1 20.08.04г. | | 162.427,00 |
| 4. | НН мрежа | М.Јорданоски – Симон. | 05-144/1 24.04.03г. | | 147.056,32 |
| 5. | НН мрежа | М.Јорданоски – Кузман. | 05-150/1 30.04.03г. | | 15.694,00 |
| 6. | НН мрежа | М.Јорданоски – Митрес. | 05-296/1 06.08.03г. | | 8.440,00 |
| 7. | НН мрежа | Р.Чадо – Крстески | 05-1213/1 19.11.01г. | | 155.549,66 |
| 8. | НН мрежа | Р.Чадо – Крстески | 05-132/1 20.02.02г. | | 4.224,50 |
| 9. | НН РТ воТС | М.Цепенков – Ѓорѓеска | 05-1070/2 13.12.01г. | | 542.441,00 |

**Вкупно: 1.429.940,00**

| **2002** | | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | К.Капидан - Герасимоски | 19-2225/2 16.12.04г. | | 209.887,00 |
| 2. | НН мрежа | Ж.Чинго - Коровешов | 05-47/1 05.08.02г. | | Ф 24.567,00 |
| 3. | НН мрежа | А.Јованоски - Николоски | 05-162/1 07.05.03г. | | 145.162,42 |
| 4. | НН мрежа | Ј.Сандански – Кукунеш. | 05-254/1 06.12.02г. | | 30.523,50 |
| 5. | НН мрежа | Ј.Сандански – Кукунеш. | 05-254/1 06.12.02г. | | 110.836,60 |
| 6. | НН мрежа | М.Просветители - Иваноски | 05-010/1 13.01.03г. | | Ф 41.341,00 |

**Вкупно: 562.316,00**

| **2003** | | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | А.Гушо - Ѓорѓиоски | 05-872/2 24.11.03г. | | 40.570,00 |
| 2. | НН мрежа | Оровник – Даути Нафис | 05-171/1 13.05.03г. | | 112.926,00 |
| 3. | НН мрежа | Оровник – Даути Нафис | 05-299/1 06.08.03г. | | 21.783,00 |
| 4. | ВН прикл. | 15/ти Корпус – Панорама, др. | 05-1001/1 31.12.03г. | | 929.240,00 |
| 5. | НН мрежа | 15/ти Корпус - Панорама | 05-10/1 23.12.03г. | | Ф 14.042,00 |
| 6. | НН мрежа | 15/ти Корпус – Панорама, др. | 05-463/1 23.12.03г. | | 66.481,20 |
| 7. | НН мрежа | 15/ти Корпус – југ | 05-487/1 31.12.03г. | | 146.762,50 |
| 8. | НН мрежа | 15/ти Корпус – југ | 05-488/1 31.12.03г. | | 147.146,00 |
| 9. | НН мрежа | 15/ти Корпус – север | 05-489/1 31.12.03г. | | 142.072,00 |
| 10. | НН мрежа | 15/ти Корпус – југ, комплет | 05-490/1 31.12.03г. | | 140.892,00 |
| 11. | НН мрежа | К.Марко – Малиќи Е. | 05-783/1 18.07.05г. | | 704.566,00 |
| 12. | НН мрежа | Г.Делчев – Здруж.на возачи | 05-088/1 20.03.03г. | | Ф 146.572,00 |
| 13. | НН мрежа | Г.Делчев – Здруж.на возачи | 05-089/1 20.03.03г. | | Ф 95.771,00 |
| 14. | НН мрежа | Г.Делчев – Здруж.на возачи | 05-090/1 20.03.03г. | | Ф 145.275,00 |
| 15. | НН мрежа | Партизанска – Јованоска | 05-394/1 07.10.03г. | | Ф 147.950,00 |
| 16. | НН мрежа | В.Стефоски – ГД Гранит | 05-306/1 06.08.03г. | | 5.108,00 |
| 17. | НН мрежа | С.Пештани – Танески Н. | 05-370/1 16.09.03г. | | Ф 30.610,00 |
| 18. | НН мрежа | С.Пештани – Танески С. | 05-371/1 16.09.03г. | | Ф 44.934,00 |
| 19. | НН мрежа | Нас.Елешец – Ристески Д. | 05-204/1 10.06.03г. | | Ф 134.343,00 |
| 20. | НН мрежа | Нас.Рача – Цинцески К. | 05-372/1 16.09.03г. | | Ф 101.126,00 |
| 21. | НН мрежа | 1/ва МУБ - Трпковски | 05-336/1 28.08.03г. | | Ф 135.458,10 |
| 22. | НН мрежа | 1/ва МУБ - Трпковски | 05-337/1 28.08.03г. | | Ф 51.045,60 |
| 23. | НН мрежа | 1/ва МУБ - Трпковски | 05-373/1 16.09.03г. | | Ф 7.906,00 |
| 24. | НН мрежа | С.Наумов – Броња М. | 05-453/1 15.05.04г. | | 185.425,00 |
| 25. | НН мрежа | А.Мустафа – Мавмуд. | 05-399/1 09.10.03г. | | 63.000,00 |
| 26. | НН мрежа | М.Рифат - Голабоски | 05-781/2 09.10.03г. | | 116.620,00 |
| 27. | НН мрежа | С.Војвода – Настевски Т. | 05-407/1 06.05.04г. | | 328.807,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28. | НН мрежа | Нас.Елешец – Мукаетова В. | 05-1042/2 31.12.03г. | | 112.570,00 |
| 29. | НН мрежа | Ј.Сандански - Гугоски | 05-358/2 22.09.04г. | | 134.827,00 |
| 30. | НН мрежа | В.Николоски – Попоски У. | 05-847/2 24.11.03г. | | 52.864,00 |
| 31. | НН мрежа | С.Планина – Ѓоршески Б. | 05-637/2 23.11.04г. | | 314.151,00 |
| 32. | НН мрежа | А.Јованоски – Јорданос. | 05-259/2 15.05.04г. | | 110.330,00 |
| 33. | НН мрежа | Бистрица – Топчи Сезаир | 05-200/2 23.11.04г. | | 246.974,00 |
| 34. | НН мрежа | К.и Методи – Нанев С. | 05-305/1 06.08.03г. | | Ф 102.566,00 |
| 35. | НН мрежа | М.Јорданоски – Стоев Р. | 05-54/2 15.05.04г. | | 187.514,00 |
| 36. | НН мрежа | Нас.Исток – Клишески С. | 05-664/2 04.11.04г. | | 319.951,00 |
| 37. | НН мрежа | М.Јорданоски – Андрески | 03-117/2 30.08.04г. | | 113.705,00 |
| 38. | НН мрежа | К.Ј.Питу – Јаневи, Дамј. | 05-408/1 06.05.04г. | | 339.967,00 |
| 39. | НН мрежа | 15/ти Корпус – Алексов Б. | 05-862/3 13.10.04г. | | 281.163,00 |
| 40. | НН мрежа | 15/ти Корпус – Алексов Б. | 05-932/3 09.11.04г. | | 155.575,00 |
| 41. | НН мрежа | Б.Туристичка – Кула инж. | 05-194/2 15.05.04г. | | 149.081,00 |

**Вкупно: 6.827.669,00**

| **2003** | | ТС 10/04 - приклучување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | ТС 10/04, 630 | 15/ти Корпус – Панорама, др. | 03-805/1 23.09.03г. | | 429.638,00 |
| 2. | ТС 10/04, 630 | 15/ти Корпус – Панорама, др. | 05-806/2 26.09.03г. | | 1.629.580,00 |
| 3. | ТС 10/04 КВ | Б.Туристичка - Ремис | 05-254/1 08.07.03г. | | Ф 2.901.319,00 |
| 4. | ТС 10/04, 630 | ЈП за ст. со стан.и дел.пр. | 05-119/1 20.02.04г. | | 1.652.000,00 |
| 5. | ТС 10/04, 630 | ЈП за ст. со стан.и дел.пр. | 05-10/1-18 05.02.04г. | | Ф 27.258,00 |

**Вкупно: 6.639.795,00**

| **2004** | | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | Прилепска - Симоноски | 19-2503/3 14.07.06г. | | 280.557,00 |
| 2. | НН мрежа | 7/ми Ноември – Маркоски Д. | 05-719/2 31.12.04г. | | 81.125,00 |
| 3. | НН мрежа | с.Пештани - Цифкоски | 19-1303/2 16.12.05г. | | 165.958,00 |
| 4. | НН мрежа | А.Емин – Чингоски Т. | 05-277/2 22.09.04г. | | 124.419,00 |
| 5. | НН мрежа | М.Просвет. – Ламаноски Ј. | 05-717 20.08.04г. | | 149.361,00 |
| 6. | НН мрежа | М.Јорданоски - Гарески | 05-902/1 01.11.04г. | | 218.575,00 |
| 7. | НН мрежа | М.Јорданоски - Гарески | 05-1/1 11.11.05г. | | 6.490,00 |
| 8. | НН мрежа | Б.Туристичка - Пешликоски | 03-976/1 25.11.04г. | | 260.638,00 |
| 9. | НН мрежа | 7/ми Ноември - Маркоска | 05-863/2 13.10.04г. | | 137.133,00 |
| 10. | НН мрежа | Партизанска – Дишлиевски | 19-1021/1 21.06.06г. | | 327.717,00 |
| 11. | НН мрежа | 15/ти Корпус – Каневче В. | 19-653/1 08.12.05г. | | 101.230,00 |
| 12. | НН мрежа | Ст.Чаршија – Кл.Универз. | 05-757/1 30.08.04г. | | 223.999,00 |
| 13. | НН мрежа | Д.Војвода – Лога Насер | 05-785/2 31.12.04г. | | 75.862,00 |
| 14. | НН мрежа | Лагадин – Шопоски, Георг. | 19-2170/1 02.12.05г. | | 217.016,00 |

**Вкупно: 2.370.080,00**

| **2004** | | ТС 10/04 - приклучување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | ТС 10/04, 630 | Подмоље – Ојлески Гце | 05-1042/1 31.12.04г. | | 1.401.480,00 |
| 2. | ТС 10/04,1000 | К.Ј.Питу - Ремис | 05-1026/1 16.11.04г. | | 1вр. 280.840,00 |
| 3. | ТС 10/04,1000 | К.Ј.Питу - Ремис | 05-63/1 10.02.05г. | | 2вр. 730.420,00 |
| 4. | ТС 10/04,1000 | К.Ј.Питу - Ремис | 05-63/2 07.03.05г. | | 3вр.. 703.280,00 |
| 5. | ТС 10/04,1000 | К.Ј.Питу - Ремис | 05-63/3 24.03.05г. | | зав. 219.857,50 |
| 6. | ТС 10/04,1000 | К.Ј.Питу - Ремис | 051/1 12.04.05г. | | доп. 46.492,00 |

**Вкупно: 3.335.878,00**

| **2005** | | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | Ј.Сандански - Целески | 19-1844/1 18.11.05г. | | Ф 271.442,00 |
| 2. | НН мрежа | Д.Влахов – Арнаудов И. | 19-2504/1 14.07.06г. | | 216.306,00 |
| 3. | НН мрежа | Илинденска – Балевски Г. | 10-110/2 27.02.07г. | | 191.785,00 |
| 4. | НН мрежа | Б.Шаин - Стојаноски | 19-1022/3 21.06.06г. | | 108.973,00 |
| 5. | НН мрежа | Ѓ.Петров - Нечкоска | 19-1558/2 24.11.05г. | | 1.187.068,00 |
| 6. | НН мрежа | К.Абраш - Топенчарови | 19-1609/1 25.01.06г. | | 212.058,00 |
| 7. | НН мрежа | С.Наум – Шорет Орхан | 07-395/3 17.07.06г. | | 201.969,00 |
| 8. | НН мрежа | 15/ти Корпус – Блажески Бл. | 19-895/3 14.07.06г. | | 126.555,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | НН мрежа | 7/ми Ноември – Ставрески | 19-929/3 24.11.05г. | | 90.305,00 |
| 10. | НН мрежа | Ѓ.Петров – Ајдар Џ. | 19-730/4 28.12.05г. | | 92.512,00 |
| 11. | НН мрежа | А.Турунџе - Ѓореска | 05-514/100 05.12.06г. | | 236.225,00 |
| 12. | НН мрежа | 7/ми Ноември – Стефано. | 05-514/85 10.10.06г. | | 147.854,00 |
| 13. | НН мрежа | П.Тошев - Сотироски | 10-110/25 27.02.07г. | | 165.200,00 |

**Вкупно: 3.248.252,00**

| **2005** | ТС 10/04 - приклучување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | ТС 10/04,1000 | Бистрица - Ремис | 05-514/96 02.11.06г. | | 2.161.191,00 |

**Вкупно: 2.161.191,00**

| **2006** | Електроенергетски мрежи - приклучување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | Партизанска - Биљана | 10-214/2 24.01.06г. | | 76.080,00 |
| 2. | НН мрежа | 15/ти Корпус - Христоски | 05-514/91 07.11.06г. | | 488.086,00 |
| 3. | НН мрежа | Нас.Лагадин - Шопоски | 05-192/ 19.12.06г. | | 425.956,50 |
| 4. | НН мрежа | Нас.Лагадин - Шопоски | 19-192/ 19.12.06г. | | 15.458,00 |
| 5. | НН мрежа | С.Елшани – Матески А. | 05-514/88 26.10.06г. | | 39.059,00 |
| 6. | НН мрежа | 7/ми Ноември – Бабачев П. | 10-2677/1 16.06.06г. | | 468.578,00 |
| 7. | НН мрежа | К.Капидан – Котушеска М. | 05-685/1 18.01.07г. | | ф 58.823,00 |
| 8. | НН мрежа | 7/ми Ноември – Турист.биро | 5192/1316 14.12.06г. | | 23.672,00 |

**Вкупно: 1.595.712,00**

| **2006** | ТС 10/04 - приклучување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | ТС 10/04 /400 | 7/ми Ноември – ел.опрема | 05-514/83 10.10.06г. | | 867.347,00 |
| 2. | ТС 10/04 /400 | 7/ми Ноември – ел.опрема | 05-514/84 10.10.06г. | | 73.243,00 |

**Вкупно: 940.590,00**

| **Бр.** | **Период** | **ТС 10/04 КВ** | **Електроенергетски мрежи** | **Дислоцирање мрежи** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 1980 – 1993 | | | | 22.268.500,00 |
| 2. | 1994 | | | | 2.157.219,00 |
| 3. | 1995 | | | | 4.661.942,00 |
| 4. | 1996 | | | | 6.188.520,00 |
| 5. | 1997 | | | | 6.443.451,00 |

**Вкупно: 41.719.632,00**

| **1999** | Електроенергетски мрежи - дислоцирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | К.Охридски – Милошески С. | 530/6/АА | | 26.060,00 |
| 2. | НН мрежа | Г.Делчев – Здруж.на возачи | 680/2 10.09.01г. | | 95.320,00 |
| 3. | НН мрежа | „130“ – Петрески К. | 531/6/АА 09.12.99г. | | 12.960,00 |
| 4. | НН мрежа | Кеј М.Тито - Ѓуладин | 19-608/1 28.07.99г. | | 43.137,50 |
| 5. | НН мрежа | Р.Чадо – Трифуноски Л. | 05-253/1 06.12.02г. | | 94.587,15 |
| 6. | НН мрежа | Д.Војвода - Китаноски | 05-514/113 13.12.06г. | | 222.202,00 |
| 7. | НН мрежа | ВФ.Стефоски – Шех И. | 03-720 22.09.99г. | | 36.600,00 |
| 8. | НН мрежа | С.Трпејца | 05-873/2 30.12.99г. | | 99.225,00 |

**Вкупно: 725.411,00**

| **2000** | Електроенергетски мрежи - дислоцирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | П.Чаулев - Митров | 05-76/3 09.03.00г. | | 77.010,00 |
| 2. | ВН водови | Ј.Сандански – ЈПЕСМ | 05-878/3 06.12.00г. | | 335.400,00 |
| 3. | НН мрежа | С.Банџов - Николоски | 19/5/АА 26.06.02г. | | 25.525,00 |

**Вкупно: 437.935,00**

| **2001** | Електроенергетски мрежи - дислоцирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН ормар | Кеј М.Тито - Николоски | 05-133/1 20.02.02г. | | 38.913,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | ВН водови | Населба Лагадин | 05-712/1 27.06.01г. | | 261.614,00 |
| 3. | ВН водови | Населба Лагадин | 05-750/1 05.07.01г. | | 288.965,00 |
| 4. | НН мрежа | К.Капидан - Бутлева | 05-133/1 20.02.02г. | | 48.695,00 |

**Вкупно: 638.187,00**

| **2002** | | Електроенергетски мрежи - дислоцирање | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | 7/ми Ноември - Пердулоска | 05-566/1 13.06.02г. | | 14.324,00 |
| 2. | НН мрежа | К.и Методи - Довлев | 05-55/1 13.08.02г. | | 124.750,00 |
| 3. | НН мрежа | К.Марко - Иваноски | 19-717/1 05.08.02г. | | 127.663,00 |
| 4. | НН мрежа | 7/ми Ноември - Миланоски | 05-252/1 06.12.02г. | | 81.009,25 |
| 5. | НН столб | В.Главинов - Шикалески | 05-145/1 24.04.03г. | | 18.646,36 |
| 6. | НН мрежа | К.Универзитет - Нечкова | 05-215/1 12.06.03г. | | 30.927,00 |

**Вкупно: 397.319,00**

| **2003** | | Електроенергетски мрежи - дислоцирање | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | Р.Чадо – Костоски М. | 05-374/1 16.09.03г. | | 69.431,00 |
| 2. | НН мрежа | Р.Чадо – Костоски М. | 05-298/1 06.08.03г. | | 110.542,00 |
| 3. | НН ормар | С.Планина – ФКР | 05-295/1 06.08.03г. | | 43.010,00 |
| 4. | НН мрежа | С.Пештани - Толески | 05-932/2 15.12.03г. | | 87.993,00 |
| 5. | НН мрежа | С.Пештани - Толески | 05-933/2 15.12.03г. | | 67.650,00 |
| 6. | НН мрежа | 7/ми Ноември - Ратајкоски | 03-450/2 22.09.04г. | | 112.218,00 |
| 7. | НН мрежа | П.Гули - Матовски | 05-962/1 18.11.04г. | | 23.624,00 |
| 8. | НН мрежа | К.и Методи - Јованоски | 05-5/1 11.01.05г. | | 127.131,00 |

**Вкупно: 641.599,00**

| **2004** | | Електроенергетски мрежи - дислоцирање | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН ормар | М.Просветители - Балабан | 05-93/3 30.04.04г. | | 57.879,00 |
| 2. | Ел.светилка | Кеј М.Тито - Шакар | 05-10/1 03.08.04г. | | 15.836,78 |
| 3. | Дрвен столб | Р.Чадо - Јованоски | 05-642/2 03.11.04г. | | 28.072,00 |
| 4. | НН мрежа | С.Наумов - Јусуфоски | 05-684/2 04.11.04г. | | 101.386,00 |
| 5. | НН мрежа | Г.Делчев – Мухам. | 07-467/1 19.05.04г. | | 136.526,00 |
| 6. | НН столб | Канал Студенчишта | 05-10/1 03.08.04г. | | 14.915,20 |
| 7. | НН ормар | С.Банцов -- Вероноски | 19-971/2 28.12.05г. | | 20.562,00 |
| 8. | НН столб | Пештани – Локоска З. | 05-138/1 10.03.05г. | | 144.473,00 |
| 9. | НН ормар | Стара Чаршија - парк | 05-913/1 03.11.04г. | | 87.088,00 |
| 10. | Дрвен столб | Нас.Рача - Рудески | 19-1907/1 28.12.05г. | | 67.602,00 |

**Вкупно: 674.339,00**

| **2005** | | Електроенергетски мрежи - дислоцирање | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН ормар | 15/ти Корпус - Алексоски | 051/1 20.04.05г. | | 7.316,00 |
| 2. | Дрвен столб | А.Емин - Бујароски | 19-1017/3 17.07.06г. | | 112.808,00 |
| 3. | НН ормар | Св.Кл.Охридски - Калем | 19-2196/3 17.07.06г. | | 119.067,00 |
| 4. | НН столб | П.Тошев – Томоски Д. | 19-535/4 28.12.05г. | | 31.494,00 |

**Вкупно: 270.685,00**

| **2006** | | Електроенергетски мрежи - дислоцирање | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | **Објект** | **Локација** | **Документ** | **Пресметка** | **Реализација** |
| 1. | НН мрежа | с.Пештани – Толоман. | 10-509/3 14.08.06г. | | 192.541,00 |
| 2. | НН мрежа | Кленоец – Димоски И. | 056/227 21.02.07г. | | Ф 11.646,00 |
| 3. | НН мрежа | В.Стефоски – Цила И. | 10-2608/2 26.06.06г. | | 158.356,00 |
| 4. | НН мрежа | К.Капидан - Стружанче | 10-110/22 27.02.07г. | | 42.173,00 |
| 5. | НН мрежа | Р.Новичиќ – Михајловски | 10-5420 18.12.06г. | | 4.944,00 |

**Вкупно: 409.660,00**

**Член 2**

Продажбата на горенаведените објекти да ја изврши општинската администрација на начин и во постапка утврдени со закон.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да формира Комисија што ќе ја спроведе постапката за продажба на објектите.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1263/7**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 година

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за пренамена на средства во Буџетот на општина Охрид за 2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година.

**Број 08-1263/8**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2007 година

Во Буџетот на општина Охрид за 2007 година во рамките на Програмата Т – Унапредување на здравствената заштита, се отвора нова подпрограма Т2 – Превенција од болестите на зависност кај младите.

Средствата потребни за 2007 година во износ од 230.000,00 денари да се обезбедат со намалување на износот од подпрограмата К4 – Културни манифестации и творештво, од контото 463110 – Трансфери до здруженија на граѓани и фондации (износот од 1.900.000,00 денари, се заменува со износ 1.670.000,00 денари) и истите се распоредуваат во новата подпрограма Т2 на следниот начин:

401520 – Персонален данк од надоместоци ............ 5.600,00 ден.
420110 – Патување во земјата – дневници ............ 40.000,00 ден.
420140 – Патување во земјата – споредни расходи ............ 3.000,00 ден.
421320 – Телефон и телефакс ............ 7.000,00 ден.
421410 – Горива и масла ............ 10.000,00 ден.
423110 – Канцелариски материјали ............ 15.000,00 ден.
423120 – Списанија, весници и други изданија ............ 30.000,00 ден.
425910 – Преведувачи ............ 10.000,00 ден.
425920 – Услуги за копирање, пешатење и издавање ............ 40.000,00 ден.
425930 – Наушно истражување (вкл.и стат.истражување) ............ 60.000,00 ден.
426990 – Други оперативни расходи ............ 9.000,00 ден.

**Вкупно................230.000,00 ден.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година.

**Број 08-1263/9**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.06.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Се задолжува Градоначалникот и општинската администрација заедно со Министерството за транспорт и врски Скопје и ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид да може да презема активности и дејствија за склучување на договор за регулирање на правото на сопственост на кп.бр.6608/2 во површина од 150м2 и кп.бр.6609/2 со површина од 114м2, а за дооформување на локацијата за изградба на објект на АДГ „Трудбеник“ Охрид, согласно условите за градба издадени од надлежен орган.

**Број 07-1263/9**
**25.06.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2007 година.

**Број 08-1337/9**
**29.06.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2007 година, донесе:

# ОДЛУКА
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ ВО ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај во општина Охрид.

**Член 2**

За еднонасочни улици во градот Охрид се определуваат:

- улицата „Кирил и Методи" во насока према Горна Порта, /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2007 на оваа улица ќе се одвива двонасочен сообраќај/;

- улицата „Крум Точко" од насока на Горна Порта во насока према Дрвара;

- улицата „Гоце Делчев" од пресекот на оваа улица со улицата „Абас Емин" во насока према Струга и тоа до пресекот со улица „Стив Наумов";

- улицата „Стив Наумов" од пресекот со улицата „Гоце Делчев" до пресекот со улицата „Пере Тошев" во насока спрема улицата „Пере Тошев";

- улицата „Македонски Просветители" и тоа од пресекот со улица „Димитар Влахов" до пресекот со улицата „Партизанска" во насока према Езеро;

- улицата „Јане Сандански" од пресекот со улица „Партизанска" во насока до пресекот со улица „Кеј Маршал Тито" /оваа измена е за летниот режим, а после 01.09.2006 година на оваа улица ќе се одвива двонасочен сообраќај/;

- улицата „Кеј Маршал Тито" од пресекот со кружниот тек до пресекот со улицата „АСНОМ", гледано во насока на движење према улицата „АСНОМ". На дел од оваа улица и тоа од кружниот тек на сообраќај па се до раскрсницата со улицата „Јане Сандански", во периодот од стапување на сила на оваа одлука па се до 31.08.2007 година се забрнаува секаков вид на сообраќај;

- улицата „Димитар Влахов" од насока на улицата „Јане Сандански" до пресекот со улицата „Македонски Просветители";

- улицата „Даме Груев" од насока на улицата „Македонски Просветители" до пресекот со булеварот „Туристичка";

- улицата „Ванчо Николоски" од пресекот со улицата „Партизанска", па се од пресекот со улицата „Димитар Влахов", во насока према улица „Димитар Влахов";

- улицата „Серафим Китаноски" од пресекот со улицата „Партизанска" до пресекот со улицата „Димитар Влахов";

- улицата „Цар Самоил" од пресекот со улицата „Коста Абраш" до ресторанот Св.Софија во насока спрема црквата Св.Софија;

- улицата „Коста Абраш" од кај црквата Св.Софија, па се до хотел „Александрија".

**Член 3**

Сообраќајот на дел од улицата „Партизанска" и тоа од пресекот со улицата „Ванчо Николески" до пресекот со улицата „Јане Сандански" ќе се одвива во три ленти наменети за движење во една насока и тоа: левата сообраќајна лента ќе ја користат МВ кои на следната раскрсница ќе свртуваат лево, додека десната сообраќајна лента ќе ја користат сите МВ кои на следната раскрсница ќе свртуваат десно и средната сообраќајна лента ќе ја користат возилата кои ќе продолжат да се движат право.

**Член 4**

Како времени паркинг простори каде паркирањето ќе се врши со наплата, се определуваат следните простори:

- дел од улицата „Кузман Јосифоски Питу" и тоа од пресекот со улицата „Партизанска" па према Езеро со дел од паркинг просторот позади НУ Центар за култура „Глигор Прличев" Охрид;

- „Булевар Туристичка" од двете страни кај Градскиот пазар, како и во продолжение после раскрсницата со улица „Булевар Македонски Просветители" се до пресекот со улицата „Даме Груев";

- „Булевар Македонски Просветители" по целата должина од левата страна, односно источната страна;

- улицата „Димитар Влахов“ од влезот во старата Автобуска станица до пресекот со улицата „Македонски Просветители“ од левата страна гледано во насока на движење;
- улицата „Партизанска“ од самиот почеток до пресекот со улицата „Кузман Јосифоски Питу“ од двете страни;
- улицата „Кеј Маршал Тито“ со кружниот тек па се до пресекот со улицата „Јане Сандански“ од левата страна гледано во насока на движење на возилата и тоа само во временскиот период после 01.09.2007 година;
- улицата „Кузман Јосифоски Питу“ од пресекот со улицата „Димитар Влахов“ до пресекот со улицата „Партизанска“ од левата страна /косо паркирање/;
- дел од улицата „Кеј Маршал Тито“ и тоа од пресекот со улицата „Ванчо Николески“ па се до пресекот со улицата „Јане Сандански“ во периодот од стапување на сила на предложениот режим па се до 31.08.2007 година ќе се користи како парконг простор со влез од улица „Јане Сандански“.

Како паркинг простор без наплата се определува:
- полигонот за мали спортови.

**Член 5**

На Плоштадот „Св.Климент Охридски“ (кружен тек), на дел од улицата „Коста Абраш“ од самиот плоштад па се до зградата на Капетанија, за цело време додека трае предложениот режим на сообраќај и тоа во временски интервал од 20.00 часот до 05.00 часот се забранува секаков вид сообраќај, при што целиот овој простор ќе се користи како пешачка зона. Во временскиот период од 05.00 часот до 20.00 часот на горенаведениот дел ќе можат да сообраќаат само МВ кои имаат обезбедено специјални пропусници.

Снабдувањето на објектите да се врши во времето од 05.00 часот до 09.00 часот. Во овој временски период ќе можат да се движат ТМВ, чија што вкупна тежина не надминува 5 тона и тоа со специјални пропусници издадени од Одделението за комунален развој и сообраќај. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила и ППЗ возила /оваа измена е за летниот режим, односно до 01.09.2007 год./;

На улиците „Коста Абраш“, „Цар Самуил“ и „Илинденска“, секој ден додека трае горенаведениот режим на сообраќај во времето од 20.00 часот до 05.00 часот се забранува секакво движење на возила /оваа измена важи само за летниот режим/;

Улиците „Коста Абраш“, „Цар Самуил“ и „Илинденска“ секој ден во периодот од 05.00 часот до 20.00 часот, во време додека трае предложениот режим на сообраќај се прогласуваат за „Зони на смирен сообраќај“ при што брзината на движење се ограничува на брзина на движење на пешаците;

Улицата „Св.Климент Охридски“ /Чаршијата/, Плоштадот „Крушевска Република“ /Чинар/, улицата „Гоце Делчев“ /Стара Чаршија/ се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 6**

Во Стариот дел од градот и тоа од „Горна Порта“ ќе можат да сообраќаат само МВ со специјални пропусници за жителите од тој дел како и такси возилата. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила и ППЗ возила /оваа измена е за летниот режим, односно до 01.09.2007 год./.

Специјалните пропусници ќе се издаваат во Одделението за комунален развој и сообраќај и тоа само на жители од стариот дел од градот кои поседуваат важечка лична карта и сопствено моторно возило со важечка сообраќајна дозвола и истите ќе се заведуваат во регистар за издадени пропусници.

Специјални пропусници ќе се издаваат на лица кои согласно важечката лична карта не се жители на овој дел од градот или воопшто на градот Охрид, но во своја сопственост поседуваат куќа во тој дел на градот, по претходно нивно барање. Во барањето да приложат доказ за сопственост на недвижен имот во тој дел на градот како и доказ дека во склоп на нивната катастарска парцела го имаат решено просторот за паркирање. На овие лица ќе им се издаваат онолку пропусници за колку што го имаат решено просторот за паркирање.

На издавачите на соби /легла/ за приватно сместување ќе им се издаваат онолку пропусници за колку што го имаат решено просторот за паркирање. Како доказ мора да приложат документ за сопственост на недвижен имот во тој дел на градот како и доказ дека во склоп на нивната катастарска парцела го имаат решено просторот за паркирање

**Член 7**

Се врши дислокација на такси пржстојката на улицата „Гоце Делчев“ моментално лоцирана на десната страна и прелокација на истата на левата страна надвор од коловозот на просторот кој моментално се користи како дополнителна лента за исклучување.

Такси постојките лоцирани на Плоштадот /кружниот ток/ и на улицата „Кеј Маршал Тито“ /пред Домот на култура/ се укинуваат.

**Член 8**

Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга и во обратна насока да се движат по улица „Булевар Туристичка“, надвозникот и Магистралниот патен правец /М5/, а кај село Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга. По дел од улицата „Абас Емин“ и целата должина на улицата „Гоце Делчев“ да сообраќаат само комби возила.

**Член 9**

Сите ТМВ кои се движат по стариот пат од насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат за „Распаќе“ и да се приклучат на улица „Булевар Туристичка“. Заради снабдување на објекти можат да се движат ТМВ со носивост до 5 тони и тоа со специјални пропусници издадени од Одделението за комунален развој и сообраќај.

**Член 10**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постоечкиот режим.

**Член 11**

Надлежните служби на Локалната самоуправа да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација, согласно предложениот режим и интензитет на сообраќај.

Составен дел на оваа Одлука се двата шематски прикази.

**Член 12**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организирањето на режимот на сообраќај во општина Охрид број 07-1258/5 од 12.06.2006 година.

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1337/3**
**29.06.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2007 година.

**Број 08-1337/4**
**29.06.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2007 година, донесе:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА НАБАВКА НА ВОЗИЛА

1. За потребите на општина Охрид да се отпочне постапка за набавка на следните видови возила:
- 3 комби возила – мини бус;
- 1 патничко возило до 2700см3;
- 4 патнички возила до 1500см3.

2. Се задолжува општинската администрација постапката за набавка на погоре наведените возила да ја спроведе согласно позитивните законски прописи.

3. За пратење на постапката за набавка на возила се формира работна група од редот на советниците во состав:
- Спиро Николоски
- Љубомир Чаулев
- Томе Гиноски

**Број 07- 1337/4**
**29.06.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**